**Известување за концентрација со која ДС Смитх Пекаџинг Саут Ист ГмбХ, Виена, Австрија, ќе стекне самостојна контрола над БОСИС доо Ваљево, Република Србија (предмет бр. 08-116/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 07.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **ДС Смитх Пекаџинг Саут Ист ГмбХ** (DS Smith Packaging South East GmbH), со регистрирано седиште на адреса 10 Фридрихштрасе, 1010 Виена, Австрија, има намера да стекне самостојна контрола над друштвото **БОСИС доо Ваљево** (BOSIS doo Valjevo), со регистрирано седиште на Попучке бб, 14000 Ваљево, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ДС Смитх групацијата** е претежно активна во производството и продажбата на брановидни пакувања во Европскиот економски простор. ДС Смитх групацијата исто така собира користена хартија и брановиден картон, за производство на рециклирана хартија за брановидни пакувања. Активностите на ДС Смитх за брановидни пакувања се распространети низ целиот Европски економски простор.

ДС Смитх групацијата е вертикално интегрирана групација која е активна со собирање и снабдување на обновена хартија, производство и снабдување на материјали за брановидни амабалажи („**МБА**"), производство и снабдување на брановидни плочи, и производство и снабдување на брановидни амбалажи.

ДС Смитх има само едно зависно друштво во Северна Македонија, ДС СМИТХ АД Скопје. Опсегот на производи на ДС СМИТХ АД Скопје вклучува брановидни картони, хартија за пакување, хартиени вреќи, како и хартиени кеси и хартија за виткање.

**БОСИС доо Ваљево** е производител на пакување на печатени и ламинирани картони и филмско пакување.

Целното друштво снабдува повеќе од 170 клиенти низ различни индустрии со производи од висок квалитет, произведени во фабриката за производство во Попучке, Ваљево, Србија.

Босис произведува и ги продава следните производи во Србија: лито-ламинирани брановидни картонски кутии; преклопен картон; филмско пакување и картонски плочи (*flute*).

Босис нема зависни друштва во Северна Македонија или било каде на друго место. Босис извезува само лито-ламинирани брановидни картонски кутии во Северна Македонија од неговата фабрика за производство во Србија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

11.08.2023 година
Скопје